# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Број: 9**
**Година: 2026**
**Датум: 09.09.2026**

opve@veles.gov.mk

www.veles.gov.mk

**Велес, Септември 2026**

# Содржина

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес по повод одржувањето на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино-Питијада“. ....4

О Д Л У К А за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес по повод одржувањето на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино-Питијада“. ....5

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за утврдување на висината на надоместокот и начинот на доделување на локациите за време на одржување на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - Питијада“ ....5

ОДЛУКА за утврдување на висината на надоместокот и начинот на доделување на локациите за време на одржување на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - Питијада“ ....6

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за отстапување на правото на реализирање на културната манифестација „Детски Рацинови средби“ ....11

О Д Л У К А за отстапување на правото на реализирање на културната манифестација „Детски Рацинови средби“ ....11

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за донесување на ДУП за дел од УЕ 11, УБ 54 КО ВЕЛЕС, ОПШТИНА ВЕЛЕС ....13

О Д Л У К А за донесување на ДУП за дел од УЕ 11, УБ 54 КО ВЕЛЕС, ОПШТИНА ВЕЛЕС ....13

ЗАКЛУЧОК за објавување на Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 17 ОД ДУП: измена и дополнување на детален урбанистички план РЕЧАНИ - ЗОНА 2 - ВЕЛЕС со намена А1 - ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ, Општина Велес ....15

О Д Л У К А за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 17 ОД ДУП: измена и дополнување на детален урбанистички план РЕЧАНИ - ЗОНА 2 - ВЕЛЕС со намена А1 - ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ, Општина Велес ....16

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1108 КО Башино Село, Општина Велес ....17

О Д Л У К А за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1108 КО Башино Село, Општина Велес ....17

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1109 КО Башино Село, Општина Велес ....18

О Д Л У К А за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1109 КО Башино Село, Општина Велес ....19

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за утврдување на цена за превезување на патници во општински линиски превоз од страна на превозникот Ален 2000 ДООЕЛ с.Црквино, Велес ....20

Р Е Ш Е Н И Е за утврдување на цена за превезување на патници во општински линиски превоз од страна на превозникот Ален 2000 ДООЕЛ с.Црквино, Велес....20

З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за јавните паркиралишта од значење за Општина Велес....21

О Д Л У К А за јавните паркиралишта од значење за Општина Велес....22

З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за усвојување Извештај за финансиски резултати на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ за период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година ........................................30

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештај за финансиски резултати на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ за период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година...........................................................................31

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2027 година ...................................................................................31

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2027 година.....................................................................................................32

З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за усвојување Годишен извештај за работата на ОСУ ,,Јовче Тесличков” – Велес за учебната 2025/2026 година...............................................................................32

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишен извештај за работата на ОСУ ,,Јовче Тесличков” – Велес за учебната 2025/2026 година............................................................................................................33

З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за усвојување Годишна програма за работа на ОСУ ,,Јовче Тесличков” – Велес за учебната 2026/2027 година..............................................................................34

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишна програма за работа на ОСУ ,,Јовче Тесличков” – Велес за учебната 2026/2027 година............................................................................................................34

З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за усвојување Годишен извештај за работата на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес во учебната 2025/2026 година ........................................................35

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишен извештај за работата на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес во учебната 2025/2026 година ..........................................................................................................35

З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за усвојување Годишна програма за работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес за учебната 2026/2027 година..........................................................36

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишна програма за работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес за учебната 2026/2027 година ..........................................................................................................37

З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за усвојување Годишен извештај за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес во учебната 2025/2026 година ...........................................................37

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишен извештај за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес во учебната 2025/2026 година............................................................................................................38

З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за усвојување Годишна програма за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес за учебната 2026/2027 година ..............................................................38

З А К Л У Ч О К за усвојување Годишна програма за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес за учебната 2026/2027 година ..........................................................................................................39

З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за усвојување Извештај за финансиски резултати на ЈКП „Дервен“, Велес за период од I до VI месец 2026 година.................................................................40

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештај за финансиски резултати на ЈКП „Дервен“, Велес за период од I до VI месец 2026 година....................................................................................................40

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за разрешување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес...............................................................................................................41

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес .....................................................................................................................................................41

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за именување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес...............................................................................................................42

Р Е Ш Е Н И Е за именување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес .....................................................................................................................................................43

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за разрешување заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес ............................................................44

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес ........................................................................................44

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за именување заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес ...........................................................45

Р Е Ш Е Н И Е за именување заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес.................................................................................................45

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за разрешување заменици членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес......................................................................................................46

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување заменици членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес ..46

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за именување заменици членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес ...................................................................................................................47

Р Е Ш Е Н И Е за именување заменици членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес ..48

**Гласник 09-2026**

**Излегува по потреба**

**Започнува со страна 1**

**Дата на објавување 09.09.2026 г.**

**Бр.317**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес по повод одржувањето на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино-Питијада“.**

Се објавува Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес по повод одржувањето на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино-Питијада“, што Советот на Општина Велес ја донесе на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година

Број 08-3799/1
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 23, став 3 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20, 16/25 и 134/26 ) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес.

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес по повод одржувањето на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино-Питијада“.**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши продолжување на работното време на угостителските објекти кои работат на подрачјето на Општина Велес, за време од два часа од регистрираното работно време на угостителскиот објект.

**Член 2**

Продолжувањето на работното време од два часа, важи од 09.10.2026 година до 11.10.2026 година, по повод одржувањето на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - Питијада“.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-3798/3
09.09.2026 година
В е л е с

**Бр.318**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување на висината на надоместокот и начинот на доделување на локациите за време на одржување на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - Питијада“**

Се објавува Одлуката за утврдување на висината на надоместокот и начинот на доделување на локациите за време на одржување на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - Питијада“ што Советот на Општина Велес ја донесе на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/2
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/26),

Советот на Општина Велес на 15-та Седница, одржана на 09.09.2026 година, донесе

## ОДЛУКА
## за утврдување на висината на надоместокот и начинот на доделување на локациите за време на одржување на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - Питијада“

### Член 1

За време на одржување на Гастрономско-туристичката манифестација „Фестивал на велешка пита и вино - Питијада“, се определуваат локации за поставување на штандови за продажба на велешка пита, локации за поставување на тезги за изложување и продажба на ракотворби и производи од рачна изработка – Базар, како и локации за поставување на рекламен материјал на други изложувачи.

Распоредот и местоположбата на локациите од став 1 на овој член се утврдени во Графички приказ, кој е составен дел на оваа Одлука.

### Член 2

Висината на надоместокот за користење на локациите за време на манифестацијата се утврдува на следниот начин:

1. Локации за поставување на тезги и штандови за продажба на велешка пита:
- Зона 1 – почетна цена од 120.000,00 денари;
- Зона 2 – почетна цена од 30.000,00 денари;
- Зона 3 – почетна цена од 24.000,00 денари;
- Зона 4 – почетна цена од 18.000,00 денари;

Распределбата на локациите по зони е утврдена во Графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа Одлука.

2. Локации во делот определен како „Базар“, наменети за изложување и продажба на ракотворби и производи од рачна изработка:
- 2.000,00 денари по локација, за целото времетраење на манифестацијата.

3. Локации за поставување на рекламен материјал на други изложувачи:
- 6.000,00 денари по локација, со површина до 5 m², за целото времетраење на манифестацијата.

За користење на локациите од точките 2 и 3 на овој член се поднесува барање до Општина Велес, за кое се плаќа административна такса во износ од 1.000,00 денари, согласно важечките прописи.

**Член 3**

Локациите од член 2 точка 1 од оваа Одлука, наменети за поставување на штандови за продажба на велешка пита, се доделуваат по пат на јавно наддавање, по претходно објавен Јавен повик распишан од страна на Градоначалникот на Општина Велес.

Почетната цена за секоја локација се определува согласно зоната во која се наоѓа локацијата и износите утврдени во член 2 точка 1 од оваа Одлука.

Локацијата се доделува на учесникот кој на јавното наддавање ќе понуди највисока цена, која не може да биде пониска од почетната цена утврдена за соодветната зона.

Условите за учество, потребната документација, рокот и начинот на пријавување, начинот и постапката за спроведување на јавното наддавање, како и останатите услови, се утврдуваат со Јавниот повик.

**Член 4**

Локациите во делот определен како „Базар“, од член 2 точка 2 од оваа Одлука, не се предмет на јавно наддавање.

Истите се доделуваат по фиксна цена од 2.000,00 денари по локација, за целото времетраење на манифестацијата, врз основа на поднесено барање и извршена уплата на утврдениот надоместок.

Доколку бројот на поднесени комплетни барања е поголем од бројот на расположливи локации, локациите се доделуваат според редоследот на поднесување на барањата.

**Член 5**

Локациите за поставување на рекламен материјал на други изложувачи, од член 2 точка 3 од оваа Одлука, не се предмет на јавно наддавање.

Истите се доделуваат по фиксна цена од 6.000,00 денари по локација, со површина до 5 m², за целото времетраење на манифестацијата, врз основа на поднесено барање и извршена уплата на утврдениот надоместок.

Доколку бројот на поднесени комплетни барања е поголем од бројот на расположливи локации, локациите се доделуваат според редоследот на поднесување на барањата.

**Член 6**

Надоместоците утврдени со оваа Одлука се однесуваат на користење на доделените локации за целото времетраење на манифестацијата Фестивал на велешка пита и вино „Питијада“, односно за период од три дена.

Корисникот е должен да ја користи исклучиво доделената локација и во границите на површината определена во Графичкиот приказ.

Не е дозволено самоволно проширување на доделената површина, промена на локацијата или отстапување на доделената локација на трето лице.

**Член 7**

Се забранува поставување на тезги, штандови, рекламен материјал и друга опрема на површини кои не се предвидени во Графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа Одлука. Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање кој се доставува до сите учесници на јавното наддавање.

**Член 8**

Избраните учесници по спроведеното јавно наддавање, како и корисниците на локациите кои се доделуваат по фиксна цена, се должни утврдениот, односно постигнатиот надоместок да го уплатат на соодветната сметка на Буџетот на Општина Велес, во рок утврден со Јавниот повик, односно известувањето за доделување на локацијата.

Доколку избраниот корисник не го уплати утврдениот, односно постигнатиот надоместок во предвидениот рок, се смета дека се откажал од доделената локација.

**Член 9**

По доставен доказ за извршена уплата на утврдениот, односно постигнатиот надоместок, Општина Велес издава одобрение за користење на доделената локација за време на манифестацијата.

Без доставен доказ за извршена уплата не се дозволува користење на доделената локација.

**Член 10**

Корисниците на локациите се должни да ги почитуваат условите утврдени со оваа Одлука, Јавниот повик и издаденото одобрение.

По завршувањето на манифестацијата, корисниците се должни да ги отстранат тезгите, штандовите, рекламниот материјал и останатата поставена опрема и користената површина да ја остават во чиста и уредна состојба.

**Член 11**

Се задолжуваат надлежните организациони единици на Општина Велес да извршат обележување на зоните и поединечните локации на терен согласно Графичкиот приказ и да го следат нивното користење во рамките на своите надлежности.

**Член 12**

Составен дел на оваа Одлука е Графички приказ со распоред на локациите и нивната поделба на:

- Зона 1;
- Зона 2;
- Зона 3;
- Зона 4;
- Базар;
- локации за поставување на рекламен материјал.

**Член 13**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Совет на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-3798/4
09.09.2026 година
В е л е с


Графички прилог бр.3- карта на позиција на Базар во склоп на "Питијада"
Бина
Базар
10m
Базар- цена 2.000,00 денари


Графички прилог бр.1- карта на позиции и распределба на штандови по зони
Зона 1:позиција 1| Зона :позиција 2 и 18| Зона 3: позиција 3-5 и 19-21| Зона 4: позиција 6-17 и 22-31
Бина
Базар
10m
зона 1- почетна цена 120.000,00 денари
зона 2- почетна цена 30.000,00 денари
зона 3- почетна цена 24.000,00 денари
зона 4- почетна цена 18.000,00 денари

*Графички прилог бр.2- карта на позиции и распределба на штандови за рекламни материјали на други изложувачи позиција 1-10*






*позиција 1- лево од скалите кон кафе бар Ескејп*



*позиција 2- лево од рекламниот бетонски столб под кафе бар Ескејп*



*позиција 3- агол под цвеќара булка*



*позиција 4- лев агол под Тин Бар*



*позиција 5- лев агол под кафе бар Тарантино*



*позиција 6- лево од скалите кон Панини*



*позиција 7- десно од скалите кон Панини*



*позиција 8- лево од скалите кон зградите*



*позиција 9- десно од скалите кон зградите*



*позиција 10- лево од скалите во близина на автобускта постојка*

**Бр.319**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

## З А К Л У Ч О К
## за објавување Одлука за отстапување на правото на реализирање на културната манифестација „Детски Рацинови средби“

Се објавува Одлука за отстапување на правото на реализирање на културната манифестација „Детски Рацинови средби“ што Советот на Општина Велес ја донесе на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/3
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на 15-та Седница одржана на ден 09.09.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## за отстапување на правото на реализирање на културната манифестација „Детски Рацинови средби“

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Велес го отстапува правото за реализирање на културната манифестација „Детски Рацинови средби“ на ЛУ Библиотека „Гоце Делчев“- Велес за организирање на културната манифестација „Детски Рацинови средби“.

**Член 2**

ЛУ Библиотека „Гоце Делчев“-Велес е должна да донесе Правилник за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Детски Рацинови средби“.

**Член 3**

Културната манифестација „Детски Рацинови средби“ ќе ја реализира Организациски одбор составен од претседател и 4 членови со мандат од 4 години.

Еден член на Организацискиот одбор е претставник од Општина Велес и го предлага Градоначалникот.

Претседателот и тројца членови на Организацискиот одбор ги именува ЛУ Библиотека „Гоце Делчев“- Велес.

**Член 4**

Финансиските средства предвидени во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за тековната година предвидени за реализирање на културната манифестација „Детски Рацинови средби“ Општина Велес ќе ги префрли на сметка на ЛУ Библиотека „Гоце Делчев“- Велес.

Финансиските средства ќе бидат префрлени по доставување на барање од страна на ЛУ Библиотека „Гоце Делчев“- Велес за исплата на истите и програма за манифестацијата изготвена од Организацискиот одбор.

**Член 5**

ЛУ Библиотека „Гоце Делчев“- Велес е должна по завршување на манифестацијата да достави финансиски и наративен извештај за реализација на културната манифестација „Детски Рацинови средби“ до Советот на Општина Велес во рок од 30 дена по завршување на манифестацијата.

**Член 6**

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата-културната манифестација „Детски Рацинови средби“ („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/23) и Правилникот за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата-културната манифестација „Детски Рацинови средби“ („Службен гласник на Општина Велес“ бр.3/23) кој е донесен врз основа на Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата-културната манифестација „Детски Рацинови средби“ („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/23).

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 27.10.2026 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-3798/5
09.09.2026 година
В е л е с

**Бр.320**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за донесување на ДУП за дел од УЕ 11, УБ 54 КО ВЕЛЕС, ОПШТИНА ВЕЛЕС**

Се објавува Одлуката за донесување на ДУП за дел од УЕ 11, УБ 54 КО ВЕЛЕС, ОПШТИНА ВЕЛЕС што Советот на Општина Велес ја донесе на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/4
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 22, став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 39 став 1, од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16,163/16, 64/18 и 168/18) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на ДУП за дел од УЕ 11, УБ 54 КО ВЕЛЕС, ОПШТИНА ВЕЛЕС**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши донесување на ДУП за дел од УЕ 11, УБ 54 КО ВЕЛЕС, ОПШТИНА ВЕЛЕС, со површина од 15,97 ха, за плански период од 2017 до 2027 година, со тех број 3378.

Документацијата за донесување на деталниот урбанистички план е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), и согласно член 93 од Новиот Закон за урбанистичко планирање, (Сл.весник на РМ бр. 32/2020), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилник за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на РМ бр. 111/15, 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17).

**Член 2**

Планскиот опфат за кој се изработува ДУП за дел од УЕ 11, УБ 54 КО ВЕЛЕС, ОПШТИНА ВЕЛЕС, со класи на намена на површини:

Г – ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија
Компатибилни класи на намена (мах. до 49% од Г2)
А4 – Времено сместување 30% од Г2
Б1 – Мали комерцијални и деловни единици 30% од Г2
Б2 – Големи трговски единици 30% од Г2
Б4 – Деловни простори 10% од Г2
В2 – Здравство и социјална заштита 5% од Г2
Д2– Заштитно зеленило 30% од Г2
Д3– Спорт и рекреација 30% од Г2
Д4 – Меморијални простори 30% од Г2
Г3 – Сервиси 30% од Г2
Г4 – Стоваришта 30% од Г2
Д – ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
Д2 – Заштитно зеленило
Нема компатибилни класи на намени

Е1 – КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Граници на опфатот се :

- Од северната страна границата на планскиот опфат започнува од точка која лежи на КП бр. 16925 и продолжува по северната граница на дел од КП бр. 16925 и дел од КП бр. 18366, каде што ги сече КП бр. 18366 и КП бр. 16950 и продолжува се до пресечната точка со оската на железничката пруга.

- Источната граница на планскиот опфат се движи по оската на железничката пруга.
- На јужната страна се движи низ КП бр. 7230 и КП бр. 18368/1, па продолжува по северната граница на дел од КП бр. 17283 и продолжува да се движи југозападно низ КП бр. 16963/1.
- Од западната страна се движи низ КП бр. 16963/1, минува источно од парцелите со број 17370, 17372/2, ја сече парцелата со број 18366 и завршува во точка која лежи на КП бр. 16925.

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука е:

Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на ДУП за дел од УЕ 11, УБ 54 КО ВЕЛЕС, ОПШТИНА ВЕЛЕС, со површина од 15,97 ха,, за плански период од 2017 до 2027 година, со тех број 3378..

- Извештај од Јавната презентација и Јавната анкета со прифатени и неприфатени забелешки на ДУП за дел од УЕ 11, УБ 54 КО ВЕЛЕС, ОПШТИНА ВЕЛЕС, со тех број 3378.

**Член 4**

За ДУП за дел од УЕ 11, УБ 54 КО ВЕЛЕС, ОПШТИНА ВЕЛЕС, со тех број 3378.преку системот е - урбанизам добиена е Согласност од Министерството за транспорт–Скопје, Сектор за уредување на просторот со арх.бр.21-5037/3 од 02 Септември 2026 год.

**Член 5**

ДУП за дел од УЕ 11, УБ 54 КО ВЕЛЕС, ОПШТИНА ВЕЛЕС, со тех број 3378., го спроведува Одделението за урбанизам, во рамките на Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-3798/6
09.09.2026 година
В е л е с

**Бр.321**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 17 ОД ДУП: измена и дополнување на детален урбанистички план РЕЧАНИ - ЗОНА 2 - ВЕЛЕС со намена А1 - ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ, Општина Велес**

Се објавува Одлуката за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 17 ОД ДУП: измена и дополнување на детален урбанистички план РЕЧАНИ - ЗОНА 2 - ВЕЛЕС со намена А1 - ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ, Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/5
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24),член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 17 ОД ДУП: измена и дополнување на детален урбанистички план РЕЧАНИ - ЗОНА 2 - ВЕЛЕС со намена А1 - ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ, Општина Велес**

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 17 ОД ДУП: измена и дополнување на детален урбанистички план РЕЧАНИ - ЗОНА 2 - ВЕЛЕС со намена А1 - ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ, Општина Велес (донесен со Одлука број 071-682/1 од 10.07.2000 год.) со опфат со вкупна површина од 907 м², односно 0,09ha .

**Член 2**

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение бр.08-2232/1 од 05.05.2023 година, согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25,101/25, 127/25 и 134/26), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 17 ОД ДУП: измена и дополнување на детален урбанистички план РЕЧАНИ - ЗОНА 2 - ВЕЛЕС со намена А1 - ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ, Општина Велес (донесен со Одлука број 071-682/1 од 10.07.2000 год.), изработен од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, со тех бр 70/25 од Април 2026 година, ревидиран од Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање и инженеринг “ИНГРА” ДООЕЛ СКОПЈЕ, со тех.бр. 86/26 од Мај 2026год.

**Член 3**

Оваа Одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 17 ОД ДУП: измена и дополнување на детален урбанистички план РЕЧАНИ - ЗОНА 2 - ВЕЛЕС со намена А1 - ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ, Општина Велес (донесен со Одлука број 071-682/1 од 10.07.2000 год.).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-3798/7
09.09.2026 година
В е л е с

**Бр.322**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1108 КО Башино Село, Општина Велес**

Се објавува Одлуката за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1108 КО Башино Село, Општина Велес што Советот на Општина Велес ја донесе на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/6
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24),член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1108 КО Башино Село, Општина Велес**

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1108 КО Башино Село, Општина Велес (Општ акт за уредување на Условите и начинот на градба во село Башино Село општина Велес донесен со Одлука бр.0701-4172/6 од 28.09.2007година) со опфат со вкупна површина од 5472м², односно 0,55ха.

**Член 2**

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение бр.08-2232/1 од 05.05.2023 година, согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25,101/25, 127/25 и 134/26), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи

(слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1108 КО Башино Село, Општина Велес (Општ акт за уредување на Условите и начинот на градба во село Башино Село општина Велес донесен со Одлука бр.0701-4172/6 од 28.09.2007година) изработен од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, со тех бр 15/25 од Мај 2026 година, ревидиран од Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање и инженеринг "ИНГРА" ДООЕЛ СКОПЈЕ, со тех.бр. 73/26 од Мај 2026.

**Член 3**

Оваа Одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1108 КО Башино Село, Општина Велес (Општ акт за уредување на Условите и начинот на градба во село Башино Село општина Велес донесен со Одлука бр.0701-4172/6 од 28.09.2007година)

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-3798/8
09.09.2026 година
В е л е с

**Бр.323**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1109 КО Башино Село, Општина Велес**

Се објавува Одлуката за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1109 КО Башино Село, Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/7
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24),член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година донесе:

## О Д Л У К А
## за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1109 КО Башино Село, Општина Велес

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1109 КО Башино Село, Општина Велес (Општ акт за уредување на Условите и начинот на градба во село Башино Село Општина Велес донесен со Одлука бр.0701-4172/6 од 28.09.2007година) со опфат со вкупна површина од 2607м², односно 0,26ха.

**Член 2**

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение бр.08-2232/1 од 05.05.2023 година, согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25,101/25, 127/25 и 134/26), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1109 КО Башино Село, Општина Велес (Општ акт за уредување на Условите и начинот на градба во село Башино Село општина Велес донесен со Одлука бр.0701-4172/6 од 28.09.2007година) изработен од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, со тех бр 16/25 од Мај 2026 година, ревидиран од Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање и инженеринг “ИНГРА” ДООЕЛ СКОПЈЕ, со тех.бр. 74/26 од Мај 2026.

**Член 3**

Оваа Одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели со поединечна класа на намена А1.1 - станбени куќи (слободностоечки) во општ акт за село Башино Село на КП 1109 КО Башино Село, Општина Велес (Општ акт за уредување на Условите и начинот на градба во село Башино Село општина Велес донесен со Одлука бр.0701-4172/6 од 28.09.2007година)

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател

на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-3798/9
09.09.2026 година
В е л е с

**Бр.324**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за утврдување на цена за превезување на патници во општински линиски превоз од страна на превозникот Ален 2000 ДООЕЛ с.Црквино, Велес**

Се објавува Решението за утврдување на цена за превезување на патници во општински линиски превоз од страна на превозникот Ален 2000 ДООЕЛ с.Црквино, Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/8
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 став 2 и 22-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за утврдување на цена за превезување на патници во општински линиски превоз од страна на превозникот Ален 2000 ДООЕЛ с.Црквино, Велес**

1. Со ова Решение се утврдува цената за превезување на патници во општинскиот линиски превоз за линија:

-с.Црквино-Велес-с.Црквино, понудена од превозникот Ален 2000 ДООЕЛ с.Црквино, Велес и тоа линија:

Цена на билет во еден правец

- с. Црквино-Велес =160,00 денари;
- Венуле-Велес =120,00 денари;
- Бабуна-Велес=70,00 денари;
- с. Црквино-Венуле=45,00 денари;
- с. Црквино-Бабуна=70,00 денари;
- Венуле-Бабуна=45,00 денари.

2.Превозникот е должен да врши превезување на патниците со вака утврдените цени и доколку има промена, должен е за истата да го извести Советот на општината.

3.Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението за утврдување на цена за превезување на патници во општински линиски превоз од страна на превозникот Ален 2000 ДООЕЛ с.Црквино, Велес со бр.25-4390/18 од 30.09.2022 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 15/22).

4.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-3798/10
09.09.2026 година
В е л е с

**Бр.324**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за јавните паркиралишта од значење за Општина Велес**

Се објавува Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/9
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 36 став (1) точки 1 и 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 5 точка 17 и член 12 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20, 255/24, 3/25 и 17/25), а во врска со член 348 став 2 алинеја 5 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и 98/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20, 122/21, 33/24, 208/24, 193/25, 258/25, 58/26, 79/26 и 148/26), и член 52 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.01/26 и бр.08/26), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 15-та Седница, одржана на ден 09.09.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
# за јавните паркиралишта од значење за Општина Велес

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1
*(Предмет)*

Со оваа Одлука се уредуваат определувањето на јавните паркиралишта од значење за Општина Велес на кои се организира паркирање со наплата, нивната поделба во зони и подзони, управувањето и користењето, условите за започнување со наплата, правата и обврските на управувачот и корисниците, начинот на плаќање, паркинг дозволите, контролата, водењето на Регистарот и Картата на јавните паркиралишта со наплата, како и други прашања од значење за организирањето на сообраќајот во мирување.

### Член 2
*(Јавен интерес и цел)*

Организирањето, одржувањето и користењето на јавниот простор за паркирање претставува комунална дејност од јавен интерес.

Целта на оваа Одлука е воспоставување безбеден, функционален, достапен и транспарентен систем на јавно паркирање, рационално користење на јавните површини, подобрување на проточноста и безбедноста на сообраќајот и обезбедување еднакви услови за корисниците.

### Член 3
*(Поими)*

Одделни поими, во смисла на оваа Одлука, го имаат следното значење:

1. „Јавно паркиралиште" е уреден и обележан јавен простор наменет за паркирање моторни возила;

2.„Јавно паркиралиште со наплата“ е јавно паркиралиште определено во Прилог бр. 1 на оваа Одлука, на кое наплатата е активирана согласно оваа Одлука;
3.„Паркинг зона“ е територијално определена целина со утврден режим и цена на паркирање;
4.„Подзона“ е конкретно определен паркинг простор во рамките на паркинг зона;
5.„Управувач“ е ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи“ - Велес;
6. „Паркинг-сесија“ е временски период за кој е регулирано користењето на паркинг место;
7.„Дневен налог“ е документ за наплата на цена за дневно користење на јавно паркиралиште во случаи утврдени со актите за спроведување на оваа Одлука и не претставува прекршочна санкција.

## II. ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА СО НАПЛАТА

### Член 4

*(Определување на паркиралиштата со наплата)*

Јавните паркиралишта од значење за Општина Велес на кои може да се организира паркирање со наплата се утврдени во Регистарот на јавните паркиралишта со наплата - Прилог бр. 1, кој е составен дел на оваа Одлука.

Воведување наплата на јавно паркиралиште кое не е содржано во Прилог бр. 1, како и проширување на опфатот на постојно јавно паркиралиште со наплата на нова јавна површина, се врши со изменување и дополнување на оваа Одлука од страна на Советот на Општина Велес.

### Член 5

*(Зони и подзони)*

Јавните паркиралишта со наплата се организираат во:

1. Зона А - означена со црвена боја;
2. Зона Б - означена со жолта боја;
3. Зона Ц - означена со зелена боја.

Во рамките на зоните се определуваат подзони согласно Прилог бр. 1 на оваа Одлука.

### Член 6

*(Регистар)*

Регистарот на јавните паркиралишта со наплата содржи најмалку: ознака, зона и подзона, назив, локација и опфат, вид на паркиралиште, капацитет и статус на активирање.

Промена на локацијата или суштинскиот опфат, промена на зоната или подзоната, воведување ново паркиралиште или укинување на режимот на наплата се врши со изменување и дополнување на оваа Одлука.

Промени на чисто технички податоци кои не ја менуваат локацијата, суштинскиот опфат, зоната, подзоната или правниот статус на паркиралиштето може да ги ажурира Управувачот врз основа на важечка сообраќајно-техничка документација и фактичката состојба. За секое техничко ажурирање Управувачот води евиденција.

### Член 7

*(Карта на јавните паркиралишта)*

Управувачот е должен, врз основа на Регистарот на јавните паркиралишта со наплата од Прилог бр. 1 и важечката сообраќајно-техничка документација, да изготви Карта на јавните паркиралишта со наплата.

Картата од ставот (1) на овој член содржи графички приказ на локацијата и опфатот на јавните паркиралишта со наплата, нивната припадност на зона и подзона, како и други податоци од значење за јасно информирање на корисниците.

Управувачот е должен Картата да ја ажурира по секоја измена на Прилог бр. 1 или по промена на сообраќајно-техничките податоци што влијаат врз нејзиниот графички приказ.

Картата и нејзините ажурирани верзии се објавуваат на веб-страницата на Управувачот и на веб-страницата на Општина Велес, како и на друг соодветен начин достапен за корисниците.

Во случај на несогласување помеѓу графичкиот приказ во Картата и текстуалниот опис на локацијата и опфатот во Регистарот, меродавен е текстуалниот опис содржан во Прилог бр. 1, во согласност со важечката сообраќајно-техничка документација.

Со изготвувањето или ажурирањето на Картата не може да се менува локацијата, опфатот, зоната или подзоната на јавните паркиралишта утврдени во Прилог бр. 1.

**Член 8**

*(Укинување и привремено ограничување)*

Трајното укинување на јавно паркиралиште со наплата или промена на неговата основна намена се врши со одлука на Советот на Општина Велес.

Управувачот може привремено да ограничи или прекине користење на одделно паркиралиште или дел од него поради изведување работи, јавен настан, безбедносни причини, интервенција, временски непогоди или друга оправдана причина, за што ја известува јавноста на соодветен начин.

## III. ПАРКИРАЛИШТА ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ ЗА КОМЕРЦИЈАЛНО ПАРКИРАЊЕ

**Член 9**

**(Комерцијално паркирање на приватен имот)**

Одредбите на оваа Одлука со кои се уредува комерцијалното вршење на дејноста паркирање се применуваат и на површини и објекти во приватна сопственост кои се користат за давање услуги за паркирање на неопределен број корисници со наплата.

Одредбите од ставот (1) на овој член не се применуваат на паркинг-површини во приватна сопственост кои служат исклучиво за редовна некомерцијална употреба на сопствениците, станарите, вработените или корисниците на станбен или деловен објект.

Паркиралиште во приватна сопственост може да се користи за комерцијално давање услуги за паркирање само доколку за вршење на дејноста е издадена дозвола од Општина Велес, согласно закон и оваа Одлука.

Паркиралиштата од овој член не се внесуваат во Регистарот на јавните паркиралишта со наплата од Прилог бр. 1, освен ако по друг правен основ не се утврдени како јавни паркиралишта од значење за Општина Велес.

**Член 10**

*(Услови за добивање дозвола)*

Дозвола за вршење на дејност паркирање на паркиралиште од член 9 може да се издаде на лице кое ги исполнува условите утврдени со закон, а особено:

1. е регистрирано за вршење на соодветна дејност;

2. е сопственик на градежната парцела или објектот на кој се организира паркирањето, или има обезбедено право на користење врз основа на договор со сопственикот;

3. намената на просторот и можноста за негово користење како паркиралиште се во согласност со важечката урбанистичка и друга релевантна документација;

4. има обезбедено соодветна сообраќајно-техничка документација и паркиралиштето е уредено и означено согласно неа;

5. обезбедува безбеден влез, излез и одвивање на сообраќајот;

6. обезбедува електронски, автоматски или друг проверлив систем за евиденција на користењето и наплатата;

7. ги исполнува другите услови утврдени со закон и оваа Одлука.

Кога барателот не е сопственик на паркиралиштето, кон барањето приложува договор со сопственикот со заверени потписи кај нотар, со кој му е обезбедено право на користење на паркиралиштето најмалку за периодот за кој се бара дозволата.

**Член 11**

*(Постапка и времетраење на дозволата)*

Барањето за издавање дозвола се поднесува до Општина Велес со документацијата со која се докажува исполнувањето на условите од член 10 на оваа Одлука.

Надлежната организациона единица на Општина Велес ја проверува комплетноста на барањето и исполнувањето на урбанистичките, сообраќајните, имотно-правните и другите услови и изготвува стручно мислење.

За издавање на дозволата одлучува Советот на Општина Велес, по предлог на Градоначалникот.

Дозволата се издава за период до 5 (пет) години, но не подолго од периодот за кој барателот има обезбедено право на користење на паркиралиштето.

**Член 12**

*(Договор за вршење на дејноста)*

По издавањето на дозволата, Општина Велес и носителот на дозволата склучуваат писмен договор со кој, согласно закон, поблиску се уредуваат:

- предметот и локацијата на паркиралиштето;
- начинот и периодот на вршење на дејноста;
- условите и стандардите за давање на услугата;
- работното време;
- начинот на наплата и евиденција;
- обврските за сообраќајно означување, одржување, осветлување и хигиена;
- правата и обврските кон корисниците;
- условите за контрола;
- причините и постапката за престанок и раскинување на договорот;
- други прашања утврдени со закон.

Договорот во име на Општина Велес го склучува Градоначалникот.

**Член 13**

*(Престанок и одземање на дозволата)*

Дозволата престанува да важи:

1. со истекот на рокот за кој е издадена;
2. со одземање на дозволата;
3. со престанување на договорот за вршење на дејноста;
4. со престанување на правото на сопственост или користење врз паркиралиштето, кога тоа право било основ за издавање на дозволата;
5. со трајна промена на намената на просторот;
6. во други случаи утврдени со закон.

Дозволата може да се одземе ако носителот:

- не започне со вршење на дејноста во рокот утврден со договорот;
- престане да исполнува некој од условите врз основа на кои е издадена дозволата;
- ја врши дејноста спротивно на дозволата, договорот, оваа Одлука или закон;
- врши несоодветна или неквалитетна услуга и не ги отстрани утврдените недостатоци во оставениот рок;
- му престане договорот за вршење на дејноста.

За одземање на дозволата одлучува Советот на Општина Велес, по предлог на Градоначалникот.

Општина Велес води посебна евиденција на издадените, продолжените, престанатите и одземените дозволи за комерцијално паркирање на паркиралишта во приватна сопственост.

## IV. УПРАВУВАЧ И НЕГОВИ ОБВРСКИ

**Член 14**

*(Управувач)*

Организатор и управувач на јавните паркиралишта со наплата од значење за Општина Велес е ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи“ - Велес, согласно дејностите за кои е основано и регистрирано.

**Член 15**

*(Обврски на Управувачот)*

Управувачот, во рамките на законските, статутарните и со оваа Одлука утврдените овластувања:

1. ги организира, уредува, одржува и управува јавните паркиралишта со наплата;
2. организира и врши наплата на цената на услугата за паркирање;
3. обезбедува и одржува хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација и информативни табли согласно важечката документација;
4. воспоставува и одржува системи за плаќање, контрола и електронска евиденција;
5. издава и води евиденција за паркинг дозволи согласно посебен правилник;
6. организира контрола на регулираноста на паркинг-сесиите;
7. води технички и оперативни евиденции за јавните паркиралишта;
8. ја изготвува, ажурира и објавува Картата на јавните паркиралишта со наплата;
9. ја информира јавноста за зоните, цените, работното време, начините на плаќање и условите за користење;
10. врши други работи согласно закон, оваа Одлука и актите на претпријатието.

## V. СООБРАЌАЈНО-ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

**Член 16**

*(Режим на сообраќај)*

Реализацијата на зонското паркирање на локалните патишта, улици и јавни паркиралишта се врши врз основа на важечка сообраќајно-техничка документација и по спроведена постапка за утврдување, односно измена на режимот на сообраќај согласно член 348 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Режимот на сообраќај се утврдува со решение на надлежниот орган на Општина Велес, врз основа на сообраќаен проект и по претходно добиена согласност од Министерството за внатрешни работи.

**Член 17**

*(Уредување и означување)*

Наплата може да започне само на паркиралиште кое е уредено и обележано согласно важечката сообраќајно-техничка документација и на кое е поставена потребната хоризонтална и вертикална сигнализација.

На видно место се поставува информативна табла која содржи најмалку ознака на зоната и подзоната, работно време, цена или упатување на важечкиот Ценовник, начини на плаќање, дозволено времетраење доколку е ограничено и контакт на Управувачот.

## VI. КОРИСТЕЊЕ И НАПЛАТА

**Член 18**

*(Користење на паркинг место)*

Корисникот е должен возилото да го паркира во рамките на обележаното паркинг место и да го користи паркиралиштето согласно поставената сигнализација, оваа Одлука и актите за нејзино спроведување.

Паркинг местата со посебна намена се користат исклучиво од корисниците за кои се определени и под услови утврдени со закон и соодветните акти.

**Член 19**

*(Начини на плаќање)*

Плаќањето на цената на услугата за паркирање може да се врши преку SMS порака, мобилна апликација, паркинг-картичка, паркомат, електронски систем, паркинг дозвола или друг начин утврден од Управувачот.

Конкретните достапни начини на плаќање за секое паркиралиште се објавуваат на информативната табла и на официјалните канали на Управувачот.

**Член 20**

*(Толерантен период)*

На корисникот му се обезбедува толерантен период од 10 (десет) минути од моментот на паркирање за регулирање на паркинг-сесијата на еден од пропишаните начини.

Во толерантниот период не може да се издаде дневен налог поради нерегулирана паркинг-сесија.

Толерантниот период не претставува продолжување на веќе истечена платена паркинг-сесија и не може да се користи повеќекратно со цел избегнување на плаќањето.

**Член 21**

*(Работно време)*

Работното време и временскиот период во кој се врши наплата по зони се утврдуваат со Ценовникот, односно со актот со кој се утврдува режимот на наплата.

Надвор од времето определено за наплата, користењето е без наплата, освен на паркиралишта со посебен режим утврден со закон или со друг важечки акт.

**Член 22**

*(Возила со посебен режим)*

Возилата на службата за итна медицинска помош, противпожарните единици, Министерството за внатрешни работи при извршување нато на нивните редовни работни активности , не плаќаат за користење на услугите на јавните паркиралишта.

## VII. ЦЕНИ И ПАРКИНГ ДОЗВОЛИ

**Член 23**

*(Ценовник)*

За користење на јавните паркиралишта со наплата се плаќа цена на услуга.

Ценовникот на услугите го донесува Управниот одбор на ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи“ - Велес, а се применува по добиена согласност од Советот на Општина Велес, согласно закон и Статутот на јавното претпријатие.

Ценовникот може да утврди различни цени според зона, времетраење, категорија на корисник, вид на дозвола и друг објективен критериум.

**Член 24**

*(Паркинг дозволи)*

За определени категории корисници може да се издаваат резидентни, деловни, институционални, повластени, привремени и други паркинг дозволи.

Условите, критериумите, потребната документација, постапката за издавање, важноста, обновувањето, промената и престанокот на паркинг дозволите се уредуваат со Правилник донесен од Управниот одбор на Управувачот.

Поседувањето паркинг дозвола не гарантира слободно паркинг место, освен кога со посебен режим е определено поинаку.

## VIII. КОНТРОЛА И НАПЛАТА НА ПОБАРУВАЊАТА

**Член 25**

*(Контрола)*

Контролата на регулираноста на паркинг-сесиите ја вршат овластени контролори на Управувачот, на начин утврден со посебен правилник.

Контролата може да се врши со преносни уреди, електронски системи, фотографирање и други технички средства, со почитување на прописите за заштита на личните податоци.

**Член 26**

*(Дневен налог)*

Кога по истекот на толерантниот период ќе се утврди дека за возилото не е регулирана паркинг-сесија, дека платеното време е истечено или дека паркинг дозволата не важи за конкретното возило, Управувачот постапува согласно Правилникот за контрола и Ценовникот.

**Член 27**

*(Приговор)*

Корисникот има право на приговор на дневниот налог под услови, во рок и по постапка утврдени со Правилникот за контрола.

Навремено поднесениот приговор го запира натамошното присилно или судско остварување на конкретното побарување до одлучување по приговорот, освен ако со закон е утврдено поинаку.

**Член 28**

*(Блокирање на возила)*

Механички средства за блокирање на возило може да се применат само ако и во обем во кој таквата мерка е дозволена со закон и со важечки акт донесен врз основа на закон.

Условите, начинот на поставување и отстранување на блокатор, документирањето, известувањето на корисникот и евиденцијата се уредуваат со посебен правилник на Управувачот, во рамките на законските овластувања.

**Член 29**

*(Непрописно паркирање)*

Постапувањето со возила запрени или паркирани спротивно на прописите за безбедност на сообраќајот го вршат надлежните органи и служби согласно закон.

## IX. АКТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

**Член 30**

*(Акти на Управувачот)*

За спроведување на оваа Одлука, Управниот одбор на ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи“ - Велес, по предлог на директорот и во рамките на своите надлежности, ги донесува:

1. Правилник за управување и користење на јавните паркиралишта;
2. Правилник за издавање, користење и евиденција на паркинг дозволи;
3. Правилник за контрола на паркирањето, издавање дневен налог, употреба на блокатори и постапка за наплата;
4. Ценовник на услугите;
5. други општи акти потребни за функционирање на системот.

Правилниците од ставот (1) точки 1, 2 и 3 на овој член ги донесува Управниот одбор и не подлежат на согласност од Советот на Општина Велес, освен ако со закон поинаку не е определено.

Со актите од ставот (1) не може да се менуваат локациите, опфатот, зоните и подзоните на јавните паркиралишта утврдени со оваа Одлука, ниту да се утврдуваат цени на услуги без согласност на Советот.

Директорот донесува оперативни упатства, обрасци и други поединечни или интерни акти во рамките на своите надлежности.

**Член 31**

*(Објавување и информирање)*

Актите на Управувачот кои се од значење за корисниците на услугите се објавуваат согласно Статутот на јавното претпријатие, а информациите за цените, режимот, работното време, начините на плаќање и постапките за корисниците се објавуваат и на веб-страницата на Управувачот и на друг соодветен начин.

## X. ЗАПОЧНУВАЊЕ СО НАПЛАТА

**Член 32**

*(Услови за започнување)*

Наплатата на одделно јавно паркиралиште од Прилог бр. 1 може да започне откако ќе бидат исполнети следните услови:

1. обезбедена важечка сообраќајно-техничка документација и, кога е потребно,
2. решение за утврдување или измена на режимот на сообраќај и претходна согласност од Министерството за внатрешни работи;
3. изведени и обележани паркинг местата и поставена потребната хоризонтална и вертикална сигнализација;
4. поставени информативните табли;
5. воспоставени функционални начини на плаќање и систем за контрола;
6. донесени и применливи правилниците и Ценовникот потребни за функционирање на системот.

**Член 33**

*(Одлука за започнување со наплата)*

По исполнување на условите од член 32, Управниот одбор на Управувачот, по предлог на директорот, со одлука го утврдува датумот на започнување со наплата на едно или повеќе паркиралишта содржани во Прилог бр. 1.

Наплатата може да започне во различно време за различни паркиралишта.

Одлуката и информациите за почетокот на наплатата се објавуваат најмалку 7 (седум) дена пред започнувањето со наплата на веб-страниците на Општина Велес и Управувачот и на друг соодветен начин.

## XI. ИЗВЕСТУВАЊЕ И НАДЗОР

**Член 34**

*(Извештај и надзор)*

Управувачот најмалку еднаш годишно доставува до Советот на Општина Велес информација за функционирањето на системот на јавни паркиралишта со наплата, со податоци за активните паркиралишта, искористеноста, приходите, издадените дозволи и позначајните проблеми во работењето.

Надзор над спроведувањето на оваа Одлука вршат надлежните органи во рамките на овластувањата утврдени со закон.

Инспекцискиот надзор над спроведување на оваа одлука го вршат овластени инспектори од одделението за инспекциски надзор, во рамките на нивните законски овластувања.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 35**

*(Усогласување на актите)*

Управувачот е должен најдоцна во рок од 60 (шеесет) дена од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука да ги донесе, односно усогласи актите потребни за нејзино спроведување.

До започнувањето на примената на новите акти на Управувачот, постојните општи и интерни акти на Управувачот може да се применуваат само доколку и во делот во кој не се во спротивност со оваа Одлука и со закон.

Со донесување на новите правилници, Управниот одбор изречно ќе го уреди престанокот на важење на соодветните претходни акти на јавното претпријатие.

**Член 36**

*(Престанок на важење на претходните одлуки)*

Со денот на започнувањето на примената на новиот систем на платено паркирање согласно член 33 од оваа Одлука престануваат да важи Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.9/18) и сите донесени одлуки кои произлегуваат од истата, а заклучно со донесување на Одлуката за ставање во мирување наплата при користење на јавните паркиралишта од значење во Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.6/22).

**Член 37**

*(Составен дел)*

Составен дел на оваа Одлука е Прилог бр. 1 - Регистар на јавните паркиралишта со наплата.

**Член 38**

*(Влегување во сила)*

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-3798/11
09.09.2026 година
В е л е с

**Бр.325**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Заклучок за усвојување Извештај за финансиски резултати на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ за период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Извештај за финансиски резултати на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ за период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година, што Советот на Општина Велес го усвои на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/10
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 5 став 3 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26)

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Извештај за финансиски резултати на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ за период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година**

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за финансиски резултати на ЈП „Парк спорт и Паркинзи“ за период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година.
2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник“ на Општина Велес.

Број 09-3798/12
09.09.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.326**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2027 година**

Се објавува Решението за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2027 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/11
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 37-з став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2027 година**

1.Советот на Општина Велес дава согласност на Годишниот план за вработување на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2027 година со бр.01-136/3 од 31.08.2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-3798/13
09.09.2026 година
В е л е с

**Бр.327**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Годишен извештај за работата на ОСУ ,,Јовче Тесличков” – Велес за учебната 2025/2026 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишен извештај за работата на ОСУ ,,Јовче Тесличков" – Велес за учебната 2025/2026 година, што Советот на Општина Велес го усвои на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/12
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 89-а став 1 алинеја 2 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20, 78/25,132/25 и 250/25), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 52, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишен извештај за работата**
**на ОСУ ,,Јовче Тесличков" – Велес за учебната 2025/2026 година**

1. Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за работата на ОСУ „Јовче Тесличков" – Велес за учебната 2025/2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 09-3798/14
09.09.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.328**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.01/26),

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Заклучок за усвојување Годишна програма за работа на ОСУ ,,Јовче Тесличков” – Велес за учебната 2026/2027 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишна програма за работа на ОСУ ,,Јовче Тесличков” – Велес за учебната 2026/2027 година што Советот на Општина Велес го усвои на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/13
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 89-а став 1 алинеја 2 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25,132/25 и 250/25), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување Годишна програма за работа на ОСУ ,,Јовче Тесличков” – Велес за учебната 2026/2027 година**

1. Советот на Општина Велес ја усвои Годишната програма за работа на ОСУ „Јовче Тесличков” – Велес за учебната 2026/2027 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-3798/15
09.09.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.329**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Годишен извештај за работата на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес во учебната 2025/2026 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишен извештај за работата на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес во учебната 2025/2026 година, што Советот на Општина Велес го усвои на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/14
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 89-а став 1 алинеја 2 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25,132/25 и 250/15), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишен извештај за работата на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес во учебната 2025/2026 година**

1. Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за работата на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес во учебната 2025/2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-3798/16
09.09.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.330**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Годишна програма за работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес за учебната 2026/2027 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишна програма за работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес за учебната 2026/2027 година, што Советот на Општина Велес го усвои на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/15
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 89-а став 1 алинеја 2 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 ,132/25 и 250/15), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишна програма за работа на**
**СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес за учебната 2026/2027 година**

1. Советот на Општина Велес ја усвои Годишната програма за работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” – Велес за учебната 2026/2027 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-3798/17
09.09.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.331**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Годишен извештај за работа на**
**ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес во учебната 2025/2026 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишен извештај за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес во учебната 2025/2026 година, што Советот на Општина Велес го усвои на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/16
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 89-а став 1 алинеја 2 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25,132/25 и 250/25), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишен извештај за работа на**
**ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес во учебната 2025/2026 година**

1. Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес во учебната 2025/2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-3798/18
09.09.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.332**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Годишна програма за работа на**
**ССОУ „Димитрија Чуповски” – Велес за учебната 2026/2027 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Годишна програма за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски" – Велес за учебната 2026/2027 година, што Советот на Општина Велес го усвои на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/17
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 89-а став 1 алинеја 2 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 52, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишна програма за работа на**
**ССОУ „Димитрија Чуповски" – Велес за учебната 2026/2027 година**

1. Советот на Општина Велес ја усвои Годишната програма за работа на ССОУ „Димитрија Чуповски" – Велес за учебната 2026/2027 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 09-3798/19
09.09.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.333**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за усвојување Извештај за финансиски резултати на ЈКП „Дервен“, Велес за период од I до VI месец 2026 година**

Се објавува Заклучок за усвојување Извештај за финансиски резултати на ЈКП „Дервен“, Велес за период од I до VI месец 2026 година, што Советот на Општина Велес го усвои на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/18
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26)

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на 09.09.2026 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Извештај за финансиски резултати на ЈКП „Дервен“, Велес за период од I до VI месец 2026 година**

1.Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за финансиски резултати на ЈКП „Дервен“, Велес за период од I до VI месец 2026 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник“ на Општина Велес.

Број 09-3798/20
09.09.2026 година
Велес

Претседател

на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Бр.334**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за разрешување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес**

Се објавува Решението за разрешување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/19
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 18 став 2 и 3 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата(„Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21) и член 22 став 2 и 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а во согласност со член 7 од Деловникот на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес бр.25-2932/3 од 22.05.2025 година,

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес**

1. Со ова решение се разрешува член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес:

- Цветанчо Тодоровски,од редот на историчарите.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-3798/21
09.09.2026 година
В е л е с

**Бр.335**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за именување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес**

Се објавува Решението за именување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/20
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 18 став 2 и 3 од Законот за меморијалните споменици

и спомен обележјата(„Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21) и член 22 став 2 и 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а во согласност со член 7 од Деловникот на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес бр.25-2932/3 од 22.05.2025 година,

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување член на Одборот за подигање**
**на спомен обележја во Општина Велес**

1. Со ова Решение, за член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес, се именува:

- Јасмина Дамјановска,од редот на историчарите.

2.Мандатот на членот трае се додека не биде разрешен од надлежниот орган кој го именувал.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-3798/22
09.09.2026 година
В е л е с

**Бр.336**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за разрешување заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес**

Се објавува Решението за разрешување заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/21
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес**

1. Со ова Решение се разрешува заменик член во Комисијата за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес:

   - Зорица Миладиновска.

2. Ова Решение влегува со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-3798/23
09.09.2026 година
В е л е с

**Бр.337**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за именување заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес**

Се објавува Решението за именување заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/22
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување заменик член во**
**Комисија за селекција за избор на членови**
**во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес**

1. Со ова Решение, за заменик член во Комисијата за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес, се именува:

   - Татјана Темелковска, вработена во Одделение за управување со човечки ресурси во Општина Велес.

2. Ова Решение влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-3798/24
09.09.2026 година
В е л е с

**Бр.338**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за разрешување заменици членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

Се објавува Решението за разрешување заменици членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/23
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 17-а став 4 и член 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување заменици членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

1. Со ова Решение се разрешуваат заменици членови во Комисијата за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес:

   - Зорица Миладиновска, вработена во Сектор за управување со човечки ресурси во Општина Велес и
   - Благојка Наунова, вработена во ЈКП „Дервен“ Велес.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-3798/25
09.09.2026 година
В е л е с

**Бр.339**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за именување заменици членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

Се објавува Решението за именување заменици членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година.

Број 08-3799/24
09.09.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 17-а став 4 и член 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден 09.09.2026 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за именување заменици членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес

1. Со ова Решение за заменици членови во Комисијата за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес, се именуваат:

   - Татјана Темелковска, вработена во Сектор за управување со човечки ресурси во Општина Велес и
   - Анѓел Јованов, вработен во ЈКП „Дервен“ Велес.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-3798/26
09.09.2026 година
В е л е с